**20121102856**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на член 13 став (7) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 158/11, 185/11 и 64/12), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА БОДИРАЊЕ НА ПИСМЕНИОТ ДЕЛ ОД СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ПРОЦЕНУВАЧИ НА ДОБРАТА И ВЛИЈАНИЈАТА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 1

Во Правилникот за начинот на бодирање на писмениот дел од стручниот испит за проценувачи на добрата и влијанијата врз животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.33/12) во членот 2 во ставовите (4) и (5) и во членот 3 по зборот: “став“ бројот: „1“ се заменува со бројот: „3“.

Член 2

Во членот 4 зборот: „тестот“ се заменува со зборовите: „практичниот дел од писмениот испит“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 07-1534/6
21 август 2012 година
Скопје

Министер,
**Абдилаќим Адеми** с.р.